# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Сто и четиринаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 1 август 2002 година

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,20 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше господинот Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дами и господа, Уважени гости, Оваа свечена седница на Собранието на Република Македонија е посветена на одбележувањето на 100 годишнината од раѓањето на Методија Андонов - Ченто.

Историјата на секој народ и држава ја сочинуваат бројни настани и личности кои со својата појава и делување оставаат неизбришливи траги како сведоштво за едно време во кое човекот како индивидуа во најголем дел го посветувал својот живот на највисоките патриотски идеали, борбата за слобода на својот народ и стекнувањето на сопствена држава.

Таква личност е секако и Методија Андонов Ченто една од најсветлите фигури во историјата на Македонија и несомнено еден од најдоследните борци за социјална правда и национална слободана на македонскиот народ.

За македонскиот револуционер и државник Методија Андонов - Ченто во досегашната македонска историографија многу малку е говорено од аспект на презентирање на вистинското место и улога на овој виден македонски деец во периодот меѓу двете светски војни, НОБ и особено за неговиот визионерски поглед за идното државно уредување на повоена Федерална Македонија.

Напорите во последните неколку години за осветлување на ликот и делото на Ченто започнаа да даваат позитивни резултати и тој започна да си го добива соодветното место во современата македонска историја, како истакнат градител и државник на Република Македонија и нејзин Прв Претседател на Президиумот на АСНОМ. Оваа година, одбележувањето на годишнината е нова можност да се даде ново реално видување на личноста и делото на Методија Андонов - Ченто.

Методија Андонов Ченто е роден пред точно 100 години во Прилеп на 17.08.1902 година. Уште од најмладите години неговиот живот е исполнет со постојана борба за подобар економски, социјален живот и национална слобода. Токму затоа тој постојано е во центарот на сите поважни настани сврзани со борбата на македонскиот народ против неправдата.

Ченто е организатор и учесник во повеќе акции против српски режим, а за ослободување на македонскиот народ од економско-социјалното и национално угнетување во периодот уште пред Втората светска војна. За оваа активност тој повеќе пати е затворан и малтретиран од српската власт. За време на Втората светска војна, Ченто активно ја помага Народноослободителната и антифашистичка борба на македонскиот народ, заради што и од страна на бугарската власт бил повеќе пати затворан и интерниран.

На 1 октомври 1943 година преминал на слободната територија во Дебарца каде е кооптиран за член на Главниот штаб на Народноослободителната војска и партизански одреди. По формирањето на Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ, станал негов Претседател. На 2 август 1944 година на првото заседание на АСНОМ е избран за Претседател на президиумот на АСНОМ. На оваа должност Ченто е избран повторно и на Второто заседание на АСНОМ во Скопје на 29/30 декември 1944 година. На Третото заседание на АСНОМ е избран за Претседател на Народното собрание на Демократска Федеративна Македонија. Поради неговите политички ставови во 1946 година бил принуден да поднесе оставка на сите државни функции. Во јули истата година е притворен и на монтираниот судски процес осуден на 11 години строг затвор со физичка работа. Во затворот останал до септември 1955 година.

Методија Андонов - Ченто е личност со посебни особености, кои придонесуваат да се издигне на повисоко рамниште од околината и средината. Тој по природа беше мошне борбен и природно интелигентен, што му овозможуваше брзо да ги сфаќа и совладува состојбите. Решителен, самостоен, активен и чесен Македонец, смел борец за слободата на македонскиот

народ. Тој беше доволно комуникативен со народот што му овозможи да ги познава неговите потреби, интереси и приликите во кои живее. Тој се одликуваше со трудољубивост, со чесност и искреност. Заради овие негови особини Ченто мошне бргу стана многу познат, ценет и почитуван не само од прилепската чаршија и граѓаните, туку и од целиот македонски народ.

Методија Андонов - Ченто беше доследен на своите определби за реализирање на историските идеали на македонскиот народ за културно, економско, социјално и национално ослободување и конституирање на суверена национална држава рамноправна со останатите балкански држави.

Во напорите за практично реализирање на овие цели, Ченто беше бескомпромисен и решителен борец, подготвен да ги поднесе, издржи и помине и најтешките препреки кои излегуваа на патот на зацртаната цел и реализирање на крајната определба.

Ставовите што ги застапуваше Ченто, бараа од него непрекината борба за заштита на македонските интереси, за обединување на сите делови на Македонија во единствена суверена национална држава.

Тој беше категорично против мешањето однадвор во македонските работи и жесток противник на просрпското, пробугарското и прогрчкото влијание во Македонија.

Неговите ставови во текот на Народноослободителната и антифашистичка војна на Македонија, беа прифаќани и поздравувани од сите учесници во борбата, кои што стоеја на доследната македонска линија. Токму затоа тој и неговите истомисленици беа жестоко критикувани, неразбрани и неприфаќани и на крајот осудувани од поедини личности членови на Военото и политичкото раководство на Македонија.

Револуционерниот и државнички лик на Ченто го красат особини на бескомпромисен борец за национално ослободување на македонскиот народ и обединувањето на Македонија, а неговите државнички особини како Прв претседател на Федерална Македонија, му даваат белег на истакнат градител и државник кој ги штити интересите на Македонија во рамките на Демократска Федеративна Југославија.

Залагањето на Ченто за внесување во Првиот Устав на Југославија на член со кој ќе се остварува правото на републиките на самоопределување до отцепување, или пак член со кој ќе се регулираат правата и обврските во поглед на идното уредување на Југословенската народна армија, или пак член во Уставот со кој ќе се разграничат економските надлежности помеѓу републиките и федерацијата, беа негови визионерски ставои кои во она време за многумина македонски и југословенски политичари останаа несватливи и погрешни. Ставовите на тие политичари времето практично ги демантира, а ставовите на Ченто го афирмира и му даде за право. Доказ за тоа е формирањето на денешна независна и суверена Република Македонија.

Со текот на времето тие концептуални разлики меѓу Ченто и неговите противници, стануваа се по видливи а судирите се поизразени. Овие сили организираа негово принудно заминување од политичката сцена во Македонија и тоа токму во годините кога тој беше најпотребен за решавање на горливите прашања и за заштита на националните интереси на Македонија. Поради своите политички ставови во најсуштествените прашања за идното уредување на Македонската држава, Ченто беше принуден во 1946 година да поднесе оставка на сите државнички функции, и да се врати кај својата фамилија во родниот Прилеп.

Методија Андонов - Ченто никогаш не припаѓал на комунистичката опција иако секогаш ги симпатизирал и помагал напредните и револуционерни идеи во борбата за самостојна и независна Македонија. Но токму од новата државна власт и органите на партијата тој ќе доживее најголем удар и ќе се најде во немилост само заради тоа што ги штитеше македонските национални интереси, приватната сопственост, слободата на претприемаштвото и достоинството на поединецот.

Ниту монтираниот судски процес нема да одземе ништо од вредностите на Методија Андонов - Ченто. Тој иако е осуден на 11 години најстрог затвор со тешка физичка работа и одземање на сите граѓански права, не го менува своето мислење ниту се повлекува од искажаните визионерски државнички ставови. Тогашната власт била безмилосна и не попуштила ниту

пред молбите на фамилијата за скратување на казната и ослободување на Ченто. Тешкиот затворски живот, со тешка физичка работа Ченто го минал до 1955 година кога е пуштен од затворот. Но по две години боледување кое настапило како последица од затворскиот живот, македонскиот трибун Методија Андонов - Ченто во Прилеп на 24.07.1957 година тивко заминува од овој свет.

Процесот против Методија Андонов - Ченто уште повеќе го зацврсти сеќавањето на македонскиот народ за него како за извонредно позитивна личност со висок патриотизам и непоколеблива мисла на патот кон слободна и независна Македонија. Оваа судска фарса, не беше само длабока човечка трагедија и неправда спрема оваа видна личност, туку тоа беше и строг рецензентски процес насочен и кон спречувањето на еден започнат процес, кој по ослободувањето се раѓаше во свеста кај голем број Македонци, истомисленици на Ченто, кои се залагаа за отворање на слободни и демократски можности за развој на новата суверена држава и можност за доразвивање на процесот и кај останатите делови на Македонија. Методија Андонов - Ченто во оваа насока, беше само најсублимираниот дел од оваа македонска свест кој прв се најде на удар.

Судбината на Ченто, беше резултат на логиката на еднопартискиот систем кој што остро се справуваше со сите оние што ќе застранеа од официјалниот курс, во општествениот живот и во овој контекст особено против семоќта и улогата на контролор на тогашната државна и политичка власт врз сите општествени процеси.

Конечно во 1991 година новиот судски процес за рехабилитација на Методија Андонов - Ченто, иако со големо задоцнување и голема временска дистанца сепак конечно стави крај на сите неправди кои му беа нанесени на овој голем визионер и државник и му оддаде признание за неговата активност. Со овој втор судски процес тој е рехабилитиран во 1991 година. Процесот на судската и политичка рехабилитација на Методија Андонов - Ченто заврши со решение на Окружниот суд во Скопје на 23 ноември 1991 година, кога беше запрена кривичната постапка и укината пресудата на Окружниот народен суд во Скопје бр. 175 од 1946 година, со која Ченто беше осуден за дела против народот и државата. Со тоа беа анулирани сите претешки обинувања и се отфрлија многудецениските анатеми фрлени врз ликот и делото на Ченто. Уште еднаш се покажа дека правдата може да биде спора, да трае со децении, но ете сепак таа да биде и достижна. Конечно се покажа и докажа, дека Методија Андонов - Ченто никогаш не бил непријател на својот народ и својата сакана земја, туку напротив искрен и несебичен борец за својата татковина.

Конечно, целта на рехабилитирачкиот судски процес не беше да се осудат или пак да се казнат оние кои го казнија Ченто, напротив, судскиот процес на рехабилитација во 1991 година имаше за цел да ја покаже вистината и правдата која беше доказ за исправноста на Ченто и на неговата државничка улога во тоа бурно време. Токму затоа случајот Ченто, ќе стане силна поука од едно минато време и драгоцено искуство за посветла иднина на нашиот народ, на нашата татковина.

Денес Ченто е рехабилитиран и формално ослободен од хипотеката на обвиненијата за дела кои тој никогаш не ги сторил. Останаа само одот по маките негов и на неговите најблиски и се она што тие го преживеаја и пропатија во текот на изминатите децении.

Токму затоа неговиот лик и дело конечно си го добија местото на пиедесталот на плејадата светли личности кои оставија длабоки и неизбришливи траги на страниците во современата македонска историја.

Ченто, бил, и ќе остане еден од битните втемелувачи на македонската независна и суверена држава. Неговото залагање за правото на самопределување до отцепување по повеќе децении навистина најде практична примена на 8 септември 1991 година.

Така, денес ние можеме да зборуваме за независна Македонија и како конкретна реализација на визионерските идеи на големиот син на Македонија Методија Андонов - Ченто. Затоа пратениците во досегашните и идните состави на Собранието на Република Македонија со посебен респект и благодарност се сеќаваат и ќе се сеќаваат на делото на првиот претседател на Македонскиот парламент. Му благодариме. (Аплауз)

Ја заклучувам Сто и четиринаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

На сите ви посакувам убаво да си поминеме овие денови, да го прославиме големиот празник Илинден, а доколку ни дозволуваат условите и да се одмориме.

(Седницата заврши во 12,35 часот).